РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА

# 2020-2022 ГОДИНА

Февруари, 2020 година

Скопје

1.1 ВОВЕД....3
1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА....3
1.3 МИСИЈА НА БИРОТО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА (БСВ)[1]....4
1.4 ВИЗИЈА НА БСВ....4
1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА БСВ....4
1.5.1 ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА БСВ....5
1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА БСВ....7
1.7 СТРУКТУРА НА БСВ....7
1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БСВ....10
1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА БСВ ВО 2018 ГОДИНА....11
1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА БСВ ВО ТЕКОВНАТА ПРВА ПОЛОВИНА НА 2019 ГОДИНА....12
1.11 ПРОГРАМИ....13
2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2020-2022 ГОДИНА (ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМИ)....14
3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ....23
4. ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ....24
5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ....25
6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА БСВ....26

[1] Биро за судски вештачења – во понатамошниот текст ќе се користи акронимот БСВ

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на БСВ за периодот 2020-2022 година, претставува пишан документ, во кој се наведени главните карактеристики на БСВ како што се: мисија, визија, задачи и обврски на БСВ, специфичности, организационата структура на БСВ, координирани со приоритетните цели на БСВ, кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година. Исто така направен е осврт на постигнатите резултати во 2018 и очекуваните резултати во 2019 година. Во делот на матрицата е дефинирана програмата, потпрограмите и активностите на БСВ. Стратешкото планирање како сет на избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури кои ја сочинуваат целта на овој процес. Стратешкиот план како основен инструмент ги одразува приоритетите, целите и задачите на БСВ, координирани со приоритетните цели на Министерството за правда, кои се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, за период на временска рамка од три години.

Стратешкиот план на БСВ (2020-2022) претставува континуирано продолжување на реформските процеси во областите за кои е надлежно БСВ.

Во стратешкиот план на БСВ (2020-2022) утврдени се стратешките цели и приоритети на БСВ, програмите, активностите, и потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и постигнатите и очекуваните резултати.

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Стратешкиот план на БСВ за периодот 2020-2022 година е изработен врз основа на анализирана база на податоци од софтверски апликации со кои располага БСВ, како на пример: број на примени барања за вештачење и процена, барани области за вештачење и процена, број на завршени предмети, број на навремено завршени предмети, вратени нерешени предмети, расположливи лиценцирани вешти лица и проценители, жалби/претставки/казни за

вешти лица и проценители  и тн. Исто така земени се во предвид барањата и потребите на судовите, јавните обвинителства, државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, а во насока на создавање услови за независно и ефикасно судство и правда достапна до сите.

## 1.3. МИСИЈА НА БСВ

Подобрување на квалитетот при изработка на вештачења и проценки со што би се задржале епитетите на стручност и сигурност и би се создал ефикасен, професионален и објективен систем на вештачење и процени.

## 1.4. ВИЗИЈА

БСВ е водечка институција и предводник во развојот на изготвување на стручни вештачења по барање на судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија, правните и физички лица, како и  процени за потребите на државни органи, а во насока на обезбедување ефикасен судски систем и висок квалитет на услуги.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА БСВ

БСВ врши стручни работи од областа на вештачењата и супервештачењата за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, како и за други субјекти за кои е потребно да се изврши вештачење. БСВ како стручна установа која независно и професионално извршува вештачења и супер вештачења од разни области согласно Закон за вештачење, се соочува со следните најзастапени области:

- Економски и материјално-финансиски,
- Инжинерски (Градежно-архитектонски, сообраќајни, машински, електро-технички),

- Агрономски, геодетски, земјоделије, ветеринарство и храна,
- Медицински, информатички и  други области.

БСВ  исто така врши стручни анализи и процени за потребите на органите на државната управа согласно Закон за процена, меѓу кои најзастапени се  процени на:

- вредноста на претпријатијата и капиталот (основната главнина) на трговските друштва,
- подвижен имот (транспортни средства,машини и опрема )
- недвижен имот (индустриски, градежни објекти, земјоделско земјиште, шуми).

Овие видови на вештачења се користат во судските процеси и постапки на судовите во Р.С.М. а проценките кои БСВ ги извршува се од интерес на државата и истите најчесто се однесуваат на: изградба на нови патни делници и рехабилитација на дел од постојните, доизградба на патни и железнички делови, експропријација на државното земјиште, процена на вредноста на имотот на големите индустриски капацитети за продажба и давање под закуп, процена на штети настанати од елементарни непогоди и сл.

### 1.5.1. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА БСВ

- Професионалност

Стремеж за континуирано следење на новините од областа на вештачењата и проценките, применување најнови и врвни техники и помагала за вештачење, со постојана надградба и унапредување на умешноста и вештините кои треба да ги поседуваат вештите лица;

- Објективност

Стремеж вештите лица да бидат објективни при изработувањето на дадени задачи, чесни и ослободени од неусогласеност на интересите и давање мислења засновани исклучиво на докази кои се обезбедени и оформени согласно меѓународните стандарди;

- Компетентност

Стремеж за поседување знаење, искуства, објективност и авторитет при изготвување на вештиот наод и мислење кое мора да биде независно, реално и во согласност со највисоките научни достигнувања;

- Тимска работа

Стремеж за континуирано практикување на колегијалната, сестрана, конструктивна и креативна соработка на вештите лица со доследно почитување на поединецот, јакнење на чувството за одговорност, совесност и професионалност кои претставуваат услов за остварување на мисијата, визијата и стратешките цели кои ги има БСВ;

- Транспарентност

Стремеж за континуирано обезбедување транспарентност во работењето и изготвувањето на вештите наоди, проценки и стручни анализи согласно меѓународните стандарди за квалитет;

- Интегритет

За да се одржи довербата за стручноста и професионалноста при изготвување на вештите наоди, проценки и стручни анализи, однесувањето на вештите лица треба да биде надвор од секаков сомнеж и прекор. Интегритетот од вештите лица бара да внимаваат како на формата и целта на БСВ, така и на етичките стандарди со цел да се задоволат потребите на јавниот и приватниот сектор во Р.С.Македонија.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА БСВ

БСВ е орган на државната управа во состав на Министерството за правда, со својство на правно лице.

Повеке од три децении БСВ е значаен сегмент во правосудниот систем на државата, кој обезбедува вештачења, супер вештачења, стручни анализи и процени во повеќе области за потребите на јавниот и приватниот сектор во Р.С.М.

Специфичноста на БСВ, како прва институција за вештачење во Р.С.М. која располага со вешти лица со големо искуство е мултидисциплинарноста во вештачењата и високото ниво на професионалност.

Спецификата на работа на БСВ се докажува во постојаниот стремеж да се предочи вистината, со цел полесно и поефикасно решавање на судските спорови. БСВ  има обврска да им овозможи на правосудните органи и институции утврдување на фактичката состојба.

БСВ е единствен орган на државната управа кој врши: вештачења и супер вештачења како второстепен орган по веќе изготвени наоди и мислења од други приватни агенции и вешти лица, а начелото на двостепеност го пропишува и гарантира Уставот на Република Македонија.

## 1.7. СТРУКТУРА НА БСВ

БСВ согласно правилникот за систематизација на работните места бр.01-251/2 од 26.08.2015 година, правилникот за измена на правилникот за систематизација на работните места бр.01-77/1 од 19.02.2018 год. и правилникот за дополнување на правилникот за систематизација на работните места бр.01-77/3 од 27.04.2018 год. е организиран во три сектори со вкупно 6 одделенија:

1. Сектор за Економски вештачења  со две одделенија:
- Одделение за економски вештачења,
- Одделение за материјално-финансиски вештачења и процени.

2. Сектор за инженерски вештачења со две одделенија:

- Одделение за градежно-архитектонски и земјоделски вештачења,

- Одделение за сообраќајно-машински и електро вештачења.

3. Сектор за Правни, нормативни, општи и заеднички работи со две одделенија :

- Одделение за нормативно-правни и стручно-административни работи,
- Одделеније за координација (подршка) на директорот.

и две самостојни одделенија:

- Одделение за човечки ресурси и

- Одделение за финансиски прашања.


Биро за судски вештачења
Директор
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за финансиски прашања
Сектор за економски вештачења
Сектор за инжинерски вештачења
Сектор за правни, нормативни, општи и заеднички работи
Одделение за економски вештачења
Одделение за градежно-архитектонски и земјоделски вештачења
Одделение за правно-нормативни и општи работи
Одделение за материјално-финансиски вештачења и процени
Одделение за сообраќајни, машински и електро вештачења
Одделение за координација (подршка) на активностите на директорот

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БСВ

Стратешки приоритет на БСВ:

- *Квалитетно, стручно и навремено изготвување на вештачења, супервештачења и процени.*

Стратешки цели на БСВ:

- Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени,
- Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка.

Стратешки цели на БСВ кои се во корелација со Министерство за правда:

- Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на Судството и Јавното Обвинителство,
- Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото.

При утврдување на своите стратешки приоритети и цели, БСВ пред се ги имаше во предвид идентификуваните стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети во 2020 година.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА БСВ ВО 2018 ГОДИНА

Во однос на постигнатите резултати на БСВ за 2018 година ги издвојуваме:

- Вкупно примени 1977 предмети (вештачења, дополнителни вештачења, супер вештачења и процени) , а завршени 1383 предмети;
- Стручно изработени вештачења и супер вештачења, при што се завршени 1096 предмети меѓу кои сложени предмети од областа на организиран криминал, предмети за сообраќајни незгоди со тешки последици, предмети во кривична и граѓанска постапка со обемни градежни, финансиски и материјални вештачења и вештачења од други специфични области.
- Квалитетно изработени стручни анализи и процени, при што се завршени 287 предмети, а во рамки на еден предмет има многубројни процени.

  Најзначајните процени кои се реализирани во 2018 година претставуваат процените на земјиштето опфатено при:
    - Изградбата на автопатот Кичево-Охрид,
    - Изградбата на автопатот Штип- Кочани,
    - Изградбата на регионален пат Штип-Радовиш,
    - Изградба на првата фаза на пругата кон Р.Бугарија, делницата Куманово-Бељаковце,
    - Изградба на преносниот гасоводен систем во Република Северна Македонија што го гради АД ГА-МА.

  Покрај горе наведените процени, во 2018 година, најзастапени се процени од градежно-архитектонска област и земјоделство,шумарство и водостопанство, меѓу кои:
    - процена на штети настанати како последница од неповолни временски услови-поплави;
    - процени за потребите на инфраструктурните проекти на државата (автопатишта, железнички пруги, технолошко индустриски развојни зони);
    - процена за потребите на одземен имот;
    - процена при продажба и издавање под закуп на државен недвижен имот;
    - процена при продажба на државно градежно и земјоделско земјиште;
    - процена на машини, опрема и подвижен имот;

- процена на капитал на субјекти кои добиле концесии на минерални суровини при пренос на концесија на друг субјект и
- други процени за потребите на државните органи и јавни претпријатија.

- Во 2018 година БСВ учесвува на конференции, стручни советувања и симпозиуми како членка на неколку реномирани светски организации од областа на проценки, заштита од органзиран криминал, и тоа: IVSC – меѓународна организација за стандардизација на проценките; ACFE – најголемата светска организација за спречување на финансиски измами и организиран криминал, која обезбедува обуки по оваа проблематика и врши сертифицирање по истата.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА БСВ ВО ТЕКОВНАТА ПРВА ПОЛОВИНА НА 2019 ГОДИНА

- Во тековната прва половина на 2019 година вкупно примени се 1063 предмети (вештачења, дополнителни вештачења, супер вештачења и процени) , а завршени 667 предмети, при што до крајот на годината се очекува да се надмине бројот на примени и завршени предмети во однос на 2018 година;
- Стручно изработени вештачења и супер вештачења, при што се завршени 552 предмети меѓу кои сложени предмети од областа на организиран криминал, предмети за сообраќајни незгоди со тешки последици, предмети во кривична и граѓанска постапка со обемни градежни, финансиски и материјални вештачења и вештачења од други специфични области.
- Квалитетно изработени стручни анализи и процени, при што се завршени 115 предмети, а во рамки на еден предмет има многубројни процени. Најчести баратели на такви процени се следните иститиции:
  - ЈП за државни патишта,
  - АД Македонски енергетски ресурси,
  - АД за вработување на РСМ,
  - Агенција за управување со одземен имот,
  - Министерство за финансии,

    - Дирекција за технолошко индустриски развојни зони,
    - АД за изградба и стопансиување со станбен и деловен простор од значење на републиката и др.

  Најзначајните процени кои се реализирани во тековната прва половина на 2019 година претставуваат следните процени:

    - Процени кои продолжуваат од 2018 година при изградба на преносниот гасоводен систем во Република Северна Македонија што го гради АД ГА-МА,
    - Процена на ТЕЦ Неготино,
    - Процена на Тутунски Комбинат АД Прилеп,
    - Процена на недвижен имот сопственост на Агенција за управување со одземен имот и др.

- Реализација на петo Стручно Советување за Сообраќајно-технички вештачења и размена на искуство со врвни експерти од Европа од областа на Сообраќајно-технички вештачења, со цел поголема ефикасност и ефективност во вештачењата од оваа област. Во тек е организирање на прво стручно советување од областа на матеројално-финансиско работење како најзастапена областво судските постапки.
- Континуирана професионална едукација со цел подобрување на стручноста кај вештите лица и проценители во изготвување на вештачења и проценки.

## 1.11 ПРОГРАМИ

Стратешкиот план на БСВ за периодот 2020-2022 година, содржи една стратешка програма: СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ВЕШТАЧЕЊА, СУПЕР ВЕШТАЧЕЊА И ПРОЦЕНИ и истата е разработена на ниво на три потпрограми.

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА БСВ ЗА ПЕРИОДОТ 2020-2022 ГОДИНА ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМИ

2.1.ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ,,СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ВЕШТАЧЕЊА, СУПЕР ВЕШТАЧЕЊА И ПРОЦЕНИ,,

### 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2020-2022 ГОДИНА (ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМИ)

А:Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата,, СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ВЕШТАЧЕЊА, СУПЕР ВЕШТАЧЕЊА И ПРОЦЕНИ,, произлегува од:

1. Идентификуваните стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во Одлуката за утврдување стратешки приоритети во 2020 година:
   -одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата,
   -јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и
   -реформи во правосудството.

2. Цели кои произлегуваат согласно оваа одлука, а се применливи за БСВ како орган во состав на Министерството за прврда се:
   -одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции,
   -јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирано спроведување на законите и
   -создавање услови за назависно,департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите.

| 2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)<br><br>**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права<br>**Дел :** 3.23.1 Судство |
|---|
| 3.Стратешките приоритети и цели на БСВ:<br><br>➢ Квалитетно, стручно и навремено изготвување на вештачења, супервештачења и процени<br><br>o Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени,<br>o Навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка,<br><br>3.1.Стратешките приоритети и цели на БСВ кои се во корелација со Министерство за Правда:<br><br>o Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството,<br>o Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. |

| **1.Назив на Програмата:** | **Цел на Програмата:** |
|---|---|
| Стручни работи од областа на вештачења, супер вештачења и процени | -Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени,<br>-Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка,<br>-Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството,<br>-Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. |
| **Показатели за успех на Програмата:** | |

| |
|---|
| -Зголеменување на довербата кај јавниот и приватниот сектор како резултат на зголемен број на поднесени барања за вештачење и супер вештачење од страна на судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија, државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, како и зголемен број на барања за процени и стручни анализи од страна на државните органи,<br>- Навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка,<br>-Намалување на корупцијата и криминалот преку ефикасно решавање на предмети од организиран криминал,<br>-Ефикасно функционирање на Јавното обвинителство и судскиот систем (поврзано со показатели за успех на Програма на Министерство за правда). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) | хоризонтална | √ | вертикална |

**План за спроведување на Програмата:**

| Потпрограма 1: | Показател за успешност: |
|---|---|
| • Јакнење на административниот капацитет | -Број на присуство на рочишта, извршени вештачења, увид на лице место и реконструкции;<br>-Број на изготвени вешти наоди и мислења, стручни анализи и процени;<br>-Број на одговорени предмети по ургенции од судови и јавни обвинителства во РСМ;<br>-Временски рок на изготвување на вештачења, супер вештачења, стручни анализи и процени;<br>-Број на испочитувана крајни рокови за изработка на вештачења, супер вештачења, стручни анализи и процени;<br>-Број на навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка;<br>-Одговорени барања по предмети од разни области: економски,материјално-финансиски, инжинерски (градежно-архитектонски, сообраќајни, машински, електро-технички), агрономски, геодетски, земјоделие, медицински, информатички и други области |
| **Потпрограма 2:**<br>• Континуирана професионална едукација | **Показател за успешност:**<br>-Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења, супер вештачења, стручни |

| | |
|---|---|
| | анализи и процени;<br><br>-Зајакнување на независноста и непристрасноста во вештачењето;<br><br>-Поголема стручност и сигурност во изготвување на ветачења, супер вештачења, стручни анализи и процени;<br><br>-Намален број на барања за дополнителни наоди и произнесувања, усовршување на изготвените вешти наоди и мислења;<br><br>-Успешно решени предмети од организиран криминал; |
| **Потпрограма 3:**<br><br>• Надградба на информатички технологии и опрема | **Показател за успешност:**<br><br>-Подобрување на квалитетот на изготвените вештачења, супер вештачења, стручни анализи и процени и нивото на прецизност и издржаност на истите, како резултат на примена на најнови информатички и технолошки достигнувања од поединечни области;<br><br>-Зголемување на ефикасноста и професионалноста на изготвување вештачења и проценки преку имплементација на нови методи, алатки и опрема;<br><br>-Намалување на потребното време за извршување на обврските кои произлегуваат од изготвување на вештачењата и процените и поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка;<br>-Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста |

| | |
|---|---|
| | и професионалноста на судството и јавното обвинителство;<br><br>-Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото |

## Б Програма1: План за спроведување

## Потпрограма 1: План за спроведување

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток**<br>**(месец/година)** | **Крај**<br>**(месец/година)** | **човечки** | **финансиски**<br>**МКД** |
| 1.Доставување барање за одобрување средства за унапредувања и нови вработувања | БСВ | МФ | 1/2020 | 12/2020 | Вработени во БСВ | 2.450.000<br>(Побаран износ во Буџетска Програма 2-Судски вештачења) |
| 2.Спроведување постапка за унапредувања и нови вработувања | БСВ | АА/МИОА | 1/2020 | 12/2020 | Вработени во БСВ | 50.000<br>(Побаран износ во Буџетска Програма 2- |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Судски вештачења) |
| Вкупно активности во 2020 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2021 година:0 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2022 година:0 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1: 4** | | | | | | 2.500.000 |

**Потпрограма 2: План за спроведување**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **Финансиски** [MKD] |
| 1.Континуирана посета на обуки и семинари во насока на следење на тековни измени во законски регулативи и примена на правото | БСВ | | 1/2020 | 12/2022 | Вработен и во БСВ | 600.000 (Побаран износ во Буџетска Програма 2- Судски вештачења) |
| 2.Организација на стручни советувања од области кој се | БСВ | Меѓународни организации | 1/2020 | 12/2022 | Вработен и во БСВ | 3.000.000 (Побаран |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| најзастапени во постапките на вештачење и процена, со цел размена на меѓународно искуство ( најмалку 2 стручни советувања на годишно ниво) | | во кои БСВ членува | | | | износ во Буџетска Програма 2- Судски вештачења) |
| Вкупно активности во 2020 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2021 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2022 година:2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2: 6** | | | | | | 3.600.000 |

## Потпрограма 3: План за спроведување

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **Финансиски** [MKD] |
| 1. Изготвување план за јавни набавки во кој би се предвиделе набавки за современи софтверски апликации и идејни решенија, стручна опрема, машини и алати. | БСВ | БЈН | 1/2020 | 12/2022 | Вработен и во БСВ | / |
| 2.Набавка на софтверски програми,принтери и компјутери и друга опрема во насока на имплементација на најсовремени методи во ефикасно решавање и изготвување на вештачења и процени. | БСВ | Влада на РСМ/МФ | 1/2020 | 12/2022 | Вработен и во БСВ | 1.890.000 (Побаран износ во Буџетска Програма 2-Судски вештачења) |
| Вкупно активности во 2020 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2021 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2022 година:2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3: 6** | | | | | | **1.890.000** |

## 3. Влијанија врз човечките ресурси

| ПРОГРАМА | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреба од обуки |
|---|---|---|---|
| Стручни работи од обласа на вештачења, супер вештачења и процени | Поради зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица планирани се 5 нови вработувања. | Поради зголемувањето на работните обврски, како и зголемувањето на нивото на одговорност кај одредени вработени планирани се 3 унапредувања. | -Континуирани обуки за измени во законски регулативи од сите области на вештачење и процена во доменот на БСВ<br>-Обуки од областа на примена на софтверски апликации<br>-Обуки за користење на нови и современи машини,опрема и алатки во процесот на вештачење и процена |

## 4. Принципи на соодветна и правична застапеност

| 2020<br>**очекувано влијание** | 2021<br>**очекувано влијание** | 2022<br>**очекувано влијание** |
|---|---|---|
| Поаѓајќи од уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, во БСВ при спроведувањето на постапките за вработување се посветува внимание на принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници. Во 2020 година во БСВ во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. | Во 2021 година во БСВ во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Северна Македонија. | Во 2022 година во БСВ во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Северна Македонија. |

## 5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

| 2020<br>очекувано влијание | 2021<br>очекувано влијание | 2022<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| Остварувањето на родова еднаквост ќе даде клучен придонес во напредокот за сите цели на БСВ .Жените мора да имаат еднакви можности со мажите за вработување, лидерство и донесување одлуки на сите нивоа.Во БСВ се посветува внимание на принципот на еднакви можности на жените и мажите. Во 2020 година БСВ ќе продолжи да го почитува принципот на еднакви можности на жените и мажите, односно тие да имаат еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права. | Во 2021 година БСВ ќе продолжи да го почитува принципот на еднакви можности на жените и мажите, односно тие да имаат еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права. | Во 2022 година БСВ ќе продолжи да го почитува принципот на еднакви можности на жените и мажите, односно тие да имаат еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права. |

# 6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ

| 2020<br>**планирани мерки** | 2021<br>**планирани мерки** | 2022<br>**планирани мерки** |
|---|---|---|
| **Стратешко планирање и подготвување на Буџетот на БСВ** | | |
| Согласно Правилникот за внатрешна организација на БСВ, во Сектор за Правни, нормативни, општи и заеднички работи, има одговорно лице советник за стратешко планирање.<br>Согласно внатрешната организација на БСВ и интерните процедури на работа, Одделение за финансиски прашања е одговорно за подготвување на буџетот на БСВ. Одговорните лица во Одделението го координираат подготвувањето на буџетот, согласно со мерките и активностите предвидени во Стратешкиот план, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на БСВ во корелација со политиките на Владата на РСМ.<br>Во 2020 година се планира обука за следење на реализацијата на стратешкиот план и подготвување на буџетот. | Во 2021 година се планира континуирана обука на одговорното лице за изготвување на стратешки план и следење на неговата реализација, како и континуирана обуки за одговорните лица во Одделение за финансиски прашања за подготвување на буџетот.<br>Во 2021 година се планира следење на извршување на стратешкиот план за 2021-2023 година и подготовка на стратешки план за 2022-2024 година.<br>Во 2021 година се планира подготовка на буџетот на БСВ за 2022 година. | Во 2022 година се планира континуирана обука на одговорното лице за изготвување на стратешки план и следење на неговата реализација, како и континуирана обуки за одговорните лица во Одделение за финансиски прашања за подготвување на буџетот.<br>Во 2022 година се планира следење на извршување на стратешкиот план за 2022-2024 година и подготовка на стратешки план за 2023-2025 година.<br>Во 2022 година се планира подготовка на буџетот на БСВ за 2023 година. |

| | | |
|---|---|---|
| Во 2020 година се планира следење на извршување на стратешкиот план за 2020-2022 година и подготовка на стратешки план за 2021-2023 година.<br>Во 2020 година се планира подготовка на буџетот на БСВ за 2021 година. | | |

| **Извршување на буџетот и управување со средства** | | |
|---|---|---|
| Во БСВ согласно Правилникот за внатрешна организација, извршувањето на буџетот и управувањето со средства е во надлежност на Одделение за финансиски прашања, со систематизирани пет работни места од кои се пополнети три работни места.<br>Екипирање на Одделение за финансиски прашања и обука на вработените.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2020 година. | Доекипирање на Одделение за финансиски прашања и континуирана обука на вработените.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2021 година. | Континуирана обука на вработените во Одделение за финансиски прашања.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2022 година. |

| Управување со човечки ресурси | | |
| --- | --- | --- |
| Согласно Правилникот за внатрешна Организација на БСВ, формирано е Одделение за управување со човечки ресурси. Одделението за управување со човечки ресурси се грижи за развојот на човечките ресурси во БСВ, а со оглед на зголемените обврски, согласно Законот за административни службеници. Одделението ги согледува потребите од вработување, учествува во спроведувањето на постапките за вработување. Ги согледува потребите на вработените за обука, ги води персоналните досиеја на вработените, согласно законската обврска ќе изготви Годишен план за соодветна и правична застапеност, како и Годишна програма за обука, а ќе го организира и оценувањето на административните службеници во БСВ.<br>Во 2020 година се планирани 3 унапредувања на вработени лица во БСВ и 5 нови вработувања. | Во 2021 година се очекува зајакнување на капацитетите на Одделението за управување со човечките ресурси. Во Одделението ќе продолжи да се работи на извршување на надлежностите во делот на управувањето со човечките ресурси. Ќе продолжи континуираната обука на вработените во Одделението заради ефикасно и ефективно извршување на надлежностите на Одделението.<br>Јакнење на капацитетите во останатите Сектори во БСВ. | Во 2022 година во Одделението ќе продолжи да се работи на извршување на надлежностите во делот на управувањето со човечките ресурси. Ќе продолжи континуираната обука на вработените во Одделението заради ефикасно и ефективно извршување на надлежностите на Одделението.<br>Јакнење на капацитетите во останатите Сектори во БСВ. |

| Нормативно правни, општи и заеднички работи | | |
|---|---|---|
| Согласно Правилникот за внатрешна Организација на БСВ формиран е Сектор за нормативно правни, општи и заеднички работи. Во состав на овој сектор се две одделенија: Одделение за правни и општи работи и Одделение за координација (поддршка) на активностите на директорот.<br>Во 2020 година Секторот е надлежен за нормативно правните, општите и заеднички работи на БСВ. | Во 2021 година Секторот за нормативно правни, општи и заеднички работи е надлежен за нормативно правните, општите и заеднички работи на БСВ. | Во 2022 година Секторот за нормативно правни, општи и заеднички работи е надлежен за нормативно правните, општите и заеднички работи на БСВ. |

Изработил: Милена Николовска
Контролирал: Габриела Паунова

Бр.____________________

___________.2020 година

Скопје

Директор/Drejtor

Valdet Xhaferi